Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	Основи на орална хигиена			
2.	Код	ОХЗООХ1			
3.	Студиска програма	Студии од I циклус за Стручни стоматолошки сестри - орални хигиенолози			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ - Стоматолошки факултет – Скопје, Катедра по болести на устата и пародонтот			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Студии од I циклус за Стручни стоматолошки сестри - орални хигиенолози			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	2
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	8			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. Маја Пандилова, Проф. Стевица Ристоска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	услушани сите задолжителни предмети од прв семестар и потпис од задолжителните предмети од I семестар			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Улогата на оралниот хигиенолог во зачувување на оралното здравје и нивоа на соработка со персоналот во стоматолошката ординација. Познавања на начините на идентификација и нотирање на денталниот плак, средствата и техниките за одржување на оралната хигиена во домашни услови кај различни групи на население			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Теоретска настава -предавања** **1. Поглавје: Вовед во предметот** - Орална хигиена – концепција, цели и претпоставки ....2 часа - Постапки за згрижување на пациентот од аспект на оралната хигиена .....1 час **Резултати од 1во поглавје:** студентот се запознава со поимот орална хигиена, нејзините цели, како и постапките за одржување хигиена на устата и забите со цел да се избегнат и спречат заболувањата на тврдите и меките структури во оралната празнина.			

		2. Поглавје: Анатомски, хистолошки и физиолошки карактеристики на оралната празнина - Анатомија: vestibulum oris и cavum oris proprium и хистолошки карактеристики на оралните ткива ...2 часа - Физиолошки карактеристики на јазик, тврдо и меко непце, образи и усни ..... 2 часа итн. **Резултати од 2.поглавје**.....-студентот ќе се запознае со анатомските, хистолошките и физиолошки карактеристики на ткивата во оралната празнина **3. Поглавје: Цврсти и меки наслаги во оралната празнина** -- Дентален плак - биофилм – карактеристики, состав и формирање на биофилмот, идентификација на биофилм …….3 часа - останати наслаги на забите: забен камен, пигментации, субгингивални конкременти, материја алба, детритус …2 часа **Резултати од 3то поглавје:** студентот се запознава со видовите и карактеристиките на сите наслаги кои може да се сретнат на забите во оралната празнина **4. Поглавје: Одржување орална хигиена во домашни услови** - Што е орална хигиена спроведена во домашни услови, - Историски развој на четкичките за заби, видови четкички за заби, карактеристики и критериуми за избор на соодветна четкичка, препораки за правилно одржување на хигиена на самата четкичка, - Електрични четкички за заби и индикации за нивно користење ……. 8 часа **Резултати од 4то поглавје**: студентот се запознава со средствата за одржување орална хигиена во домашни услови, мотивацијата обученоста и волјата на пациентот за избор на правилни средства за механичка елиминација на денталниот биофилм **5. Поглавје: Техники на четкање на забите** - Хоризонтална, Циркуларна (Fones -ова метода), техника на полукружни движења Roll метода, Bass-ова сулкусна, вибрациона метода, Модифицирана Bass-ова метода, Stillman-ова, Charters-ова метода ..... 3 часа - Последици од неправилно четкање на забите и неправилен избор на четкица ..... 2 часа **Резултати од 5то поглавје**: студентот се запознава со начините и техниките за правилно четкање на забите за максимално отстранување на денталниот плак од гингивалниот сулкус и површините на забите, како и негативните ефекти и последиците од користењето на несоодветна техника на четкање 6**. Поглавје: Помошни средства за одржување орална хигиена** (Грижа за интерденталните простори) - Видови интердентални простори - Помошни средства за одржување хигиена на ИДП (дентален конец и дентална трака), интердентални четкички, интердентални стимулатори, дрвени чепкалки за заби, орални иригатори, грижа за хигиената на јазикот, индикации за нивно користење .....4 часа - Последици од неправилно користење на помошните средства, совети на пациентот и мотивација за нивно секојдневно и правилно користење ..... 2 часа **Резултати од 6то поглавје:** студентот се запознава со сите видови дополнителни средства кои можат да се користат за постигнување на што подобра хигиена на оралната празнина, како и начините и индикациите за нивна правилна примена. **7. Поглавје**: Одржување орална хигиена кај пациенти со ортодонтски и протетски помагала и дентални импланти - ОХ кај пациенти со ортодонтски протези (фиксни и мобилни) – едукација и

		инструкции за миење на заби, одржување на ИДП, превенција на декалцификација на забите и гингивална инфламација ..... 2 часа - ОХ кај носители на протетски помагала (коронки и мостови и мобилни протези) – едукација и инструкции за миење и одржување на мобилните протези, техники на четкање на забите кај носители на коронки и мостови ..... 2 часа - ОХ на дентални импланти – едукација и инструкции за чистење и одржување хигиена на денталните импланти ... ... 2 часа **Резултати од 7мо поглавје:** студентот се запознава со начините за одржување орална хигиена кај пациентите кои носат ортодонтски и протетски помагала, како и дентални импланти во оралната празнина **8. Поглавје**: Фармаколошки препарати во одржувањето на оралната хигиена - Пасти за заби, состав (флуор, триклосан, водороден пероксид итн.) индикации за користење - Видови раствори за испирање на оралната празнина и за пречувствителност на забите ……4 часа **Резултати од 8мо поглавје**: студентот се запознава со составот и улогата на различните видови фармаколошки препарати во одржувањето на оралната хигиена во домашни услови, како и сите позитивни, но и негативни ефекти од нивното користење. **9. Поглавје**: Одржување орална хигиена кај пациенти со посебни потреби - ОХ кај пациенти со невролошки нарушувања (Паркинсонова болест, Церебрална парализа, Мултиплекс склероза, мозочни инсулти) - ОХ кај лица со епилепсија - Ох кај лица со когнитивни пречки и пречки во развојот (Даунов синдром, аутизам) - ОХ кај лица со дијабетес, малигни заболувања - Ох кај лица со ХИВ инфекција ..... 4 часа Резултати од 9то поглавје: студентите се запознаваат со оралната проблематика и спецификите на секој поединечен пациент, како и посебниот пристап и модификација во примената на тераписките методи кај овие пациенти со цел, постигнување задоволувачко ниво орална хигиена. **Вкупно: .....*45 часа*** ***Практична настава - вежби*** ***- Од првото поглавје .....2.часа*** ***- Од второто поглавје .....4 часа*** ***- од трето поглавје …….. 5 часа*** ***- од четврто поглавје …….8 часа*** ***- од петто поглавје …… 6 часа*** ***- од шесто поглавје …….. 6 часа*** ***- од седмо поглавје ……...6 часа*** ***- од осмо поглавје ……... 4 часа*** ***- од девето поглавје …….. 4 часа*** ***Вкупно .....45 часа***
13	Заемна поврзаност на предметите	Поврзаност со сите стоматолошки гранки: детска и превентивна, кариологија, пародонтологија, ортодонција .....
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Интерактивна настава, вежби лабораториски или клинички, работа во мали групи, презентирање и изведување на лабораториски постапки, демонстрирање на инструменти и методи кои се користат, тимска работа (спрема спецификите на предметот)
15.	Вкупен расположив фонд на време	**240 часа**

16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	**45 часа**
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	**45 часа**
		16.3.	Пракса: часови	
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	**60 часа**
		17.2.	Самостојни задачи: часови	
		17.3.	Домашно учење - задачи	**90 часа**
18	Услови за потпис	Редовна посета на предавања, вежби, активност на истите и освојување на минимум 34 бода од предвидените активности и од двата теста. Доколку студентот не освои минимум 34 бода и/или не ги положи тестовите, во следниот испитен рок ќе полага писмен дел од испитот (40 бода) и завршен испит (60 бода).		

19	Начин на оценување		
	19.1.	Тестови: бодови	20+20
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	10
	19.3.	Завршен испит: бодови	50

20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	до 59 бода	5 (пет) (F)
		од 60 до 68 бода	6 (шест) (E)
		од 69 до 76 бода	7 (седум) (D)
		од 77 до 84 бода	8 (осум) (C)
		од 85 до 92 бода	9 (девет) (B)
		од 93 до 100 бода	10 (десет) (A)
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Самоевалуација од страна студентите, контрола на асистентите во изведување на практичната настава и проценка на постигнатиот успех на студентите, како и проодноста на студентите кои го положиле предметот	

22. Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Миновска А. Падилова М. Ивановски К.	Орална хигиена	Стоматолошки факултет, Скопје	2004
2.	Џејмс Б.Смит и сор	Основи на реставрација на забите	Арс Ламина ДОО	2011
3.				

22.2. Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Поповска М. и сор.	Орална хигиена	Стоматолошки факутет, Скопје	2013
2.				
3.				